РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

0403-171/2
12.07.

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 6. седница одржана на 06.07.2017 година, донесе

Меѓународен Универзитет ВИЗИОН
Uluslararası VIZYON Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar
24.07.2017
03 118/02

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Сексуално советување - терапија“ втор циклус студии на Факултет за општествени науки при Меѓународен Универзитет Визион**

1. Се акредитира студиска програма **„Сексуално советување - терапија“ втор циклус студии на Факултет за општествени науки при Меѓународен Универзитет Визион** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистар на науки по сексуално советување и терапија**, Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: 505, 510, научно - истражувачка област: Области од полињата 505 и 510.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за општествени науки, втор циклус циклус студиска програма „Сексуално советување - терапија", на 20.06.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и вр основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, н својата 6. седница одржана на 06.07.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ов решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Беким Фетаји